**Проекти во Општина Делчево финансирани од донатори 2022/2023**

| **Бр.** | **Назив на проектот** | **Опис на проектот** | **Финансирање/ кофинансирање** | **Вредност/ изведувач на работите** | **реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Водоснабдување на Делчево | Изградба на пречистителна станица за вода за пиење со фотоволтаична централа, изградба на нова водоводна мрежа на с. Габрово и с. Ѕвегор, како и реконструкција на системот во Делчево | Швајцарска конфедерација, Мин. за животна средина и Општина Делчево | 7,3 мил. швајц. франци | **2018-2025** |
| **2.** | Стратегија за енергетска ефикасност | Изработка на првата стратегија за енергетска ефикасност на Општина Делчево | ХАБИТАТ-Македонија | 600.000 ден | 2022-2023 |
| **3.** | Подобрување на јавните општински услуги-гранд на успешност (Набавка на 90 лед-светилки) | Со оваа активност беа заменети стари флуоресцентни светилки од јавното осветлување со нови лед- светилки во населбите Стар Расадник, дел од Старо Делчево, селата Стар и Нов Истевник, дел од селото Драмче, патот за с.Полето и село Бигла | Грант средства од Светска банка | 1,4 мил ден | Јануари 2023 |
| **4.** | Пилотирање соларни панели во училиштата во Република Северна Македонија“. Инсталирање Фотофолтаици на СОУ „М.М.Брицо“ | Значајна инвестиција во време на енергетска криза, ќе донесе намалени трошоци за електрична енергија за средното општинско училиште, средства кои потоа можат да се искористат за други потреби на училиштето | Фондација Отворено Општество Македонија | 1,1 мил ден | Декември 2022 |
| **5.** | Фонтана „Бесконечност“ | Прва атрактивна современа фонтана во центарот на Делчево | Иселеници и Општина Делчево | 2.8 ми. ден | Септември 2022 |
| **6.** | Донација од две противпожарни возила за ТППЕ | Решавање на проблемот со старите возила на ТППЕ и подобрување на ефикасноста и ефективноста во интервенциите | Донација од Доброволната противпожарна бригада од Општина Чрномељ, Р. | | **2022** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Словенија | | |
| **7.** | Донација на противпожарни скали-опрема за справување со пожари на објекти и на отворен простор . | две скалила за гасење пожари високи по 22 метри и моторна пумпа со голема моќност за испуштање вода при поплави со што значително се подобрува опременоста на делчевските пожарникари. | Донација од Швајцарија | | |
| **8.** | Контејнери за селектирање отпад од стакло | Почеток на селектирање на отпадот од стакло-поставени 5 контејнери, 260 зелени пластични контејнери од 120 л за собирање пет-амбалажа и хартија и 20 зелени пластични контејнери за собирање стакло и кампања за подигање на јавната свеста за селекција на отпадот | **Пакомак** | | **2022/ 2025** |
| **9.** | Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источниот и Североисточниот регион | Набавени и распределени 169 контејнери со зафатнина од 1,1м3 | ИПА-програма за регионален развој | | **2022** |
| **10.** | „Промовирање добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво“ | финансиски поддржани четири гранта со вкупна вредност од околу 19.000 евра и тоа: реконструкција на три училници во ПУ „Св.Климент Охридски“ во с.Трабroom вишите во висина од 10.000 евра; докомплетирање формално средно образование кај три лица возрасни Роми и нивно вработување во локални фирми; спроведување туторска настава по македонски јазик и математика за најслабите 30 ученици Роми кои се вклучени во 2, 3, 4 одделение во основното образование, а кои покажуваат низок образовен успех како последица на КОВИД 19; изготвување стратегија и акциски план за Општина Делчево за раководење со ризици | Програма Ромактед (Совет на Европа и Европската Унија) | 19.000 евра | **2022-2024** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | и природни непогоди со цел овозможување стратешки сиситем за менаџирање на евентуални и слични ситуации како КОВОД 19 и ублажување на последиците кон загрозените групи на граѓани како што се и Ромите.<br>Во рамките на спроведувањето на Програмата се изработија клучни документи кои се однесуваат за ромската етничка заедница согласно со Националата Стратегија за инклузија на Ромите во РСМ 2022-2030 година, локални акциски планови во областите на домување, вработување, образов ание, здравство и антидискриминација . | | | |
| **11.** | Инклузивно игралиште во ООУ „Ванчо Прке“ | Во ООУ „Ванчо Прке“ изградено инклузивно игралиште „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ | Фондацијата „Чекор по чекор“ | 307.500 ден (12.000 ден учество на О. Делчево) | **2022** |
| **12.** | **Проширување на Буџетот за Проектот „Подобрување на водоснабдување на Делчево“** | СЕКО-Швајцарија го зголеми буџетот за 1,5 милиони швајцарски франци со кои ќе се покријат зголемените трошоци за проектот, ќе се финансира изградбата на новиот резервоар за вода Чука и рехабилитација на резервоарот за вода во Тработивиште што ќе обезбеди одржливост на водоснабдувањето во Делчево и неговата околина, како и дополнителна поддршка за коропоративен развој и зајакнување на управувањето на ЈКП „Брегалница“.<br>Дополнително финансирање за проектот обезбедуваат и партнерите на проектот од страна на Северна Македонија, МЖСПП, Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“. МЖСПП обезбедува 335.000 швајцарски | Шврајцарска Конфедерација, МЖСПП Општина Делчево и со ЈКП „Брегалница“ . | Шврајцарска Конфедерација, 1,5 мил.шв.франци; МЖСПП обезбедува 335.000 шв. Фр.; Општина Делчево и со ЈКП „Брегалница“ -55.000 швајцарски франци. | **2023-2024** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | франци од кои 325.000 швајцарски франци ќе се користат за поврзување на селото Вирче со пречистителната станица за вода за пиење и 10.000 швајцарски франци ќе бидат искористени за надзорот на работите за поврзување на Вирче.<br>Општина Делчево заедно со ЈКП „Брегалница“ обезбедува локален придонес од 55.000 швајцарски франци за покривање на трошоците за изработка на техничка документација, финансирање работи за куќни приклучоци во селата Габрово, Ѕвегор и Вирче и покривање на трошоците за продолжениот корпоративен развој на ЈКП „Брегалница“.<br>Со новото проширување на буџетот, Проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ носи инвестиција од над 9 милиони швајцарски франци и е најголема инвестиција во историјата на Делчево. | | | |
| **13.** | Подобрување на јавното осветлување во градскиот парк | Се поставува енергетски ефикасно осветлување во градскиот парк во Делчево. Ќе се инсталираат нови 138 енергетско ефикасни светилки кои треба да ја постигнат ефикасноста во флукси и да придонесат во потрошувачката на електрична енергија во овој дел од градот. Покрај инсталацијата на светилките, ќе бидат набавени и поставени нови 10 канделабри, 4 клупи и лед-диодни рефлектори за летната сцена во градскиот парк во Делчево. | Мрежата за рурален развој на Македонија преку Проектот за поддршка на заедницата УСАИД. | 2.500.000<br>Изведувач ИНФИНИТИ ЕНЕРЏИ СОЛУШНС, | **2023** |
| **14.** | „Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во | Изработка на техничка документација за изградба на три кружни крстосници во Делчево Првата кружна крстосница ќе се | Шведската агенција за меѓународна соработка | 1.995.480 ден | **2023** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во градот Делчево“ | проектира на крстосницата помеѓу ул. „Индустриска“, ул.„Македонска“ и булевар „Македонија“ лоцирана помеѓу индустриска и станбена зона; втората крстосница е помеѓу ул.„Методи Митевски Брицо“ и булевар „Македонија“ на која се регулира сообраќајот со семафори и хоризонтална и вертикална сигнализација; третата крстосница е помеѓу ул. „Скопска“, ул.„Методи Митевски Брицо“ и Булевар „Македонија“ и се наоѓа во станбена зона во која е лоциран и Здравствениот дом Делчево. | СИДА и Бирото за регионален развој, со поддршка на УНДП | | |